ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА КАРПОШ

6

# ЛЕВИЦА

ЗА КАРПОШ

6

# СТОЛБ 1: ЗАГАДУВАЊЕ, ЗЕЛЕНИЛО И КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

## Карпош дише

### КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

**Општинско претпријатие за чистота и зеленило, како трајно и ефикасно решение за одржување на јавните површини во Карпош.**

Наместо досегашните привремени вработувања и парцијални решенија за чистење и зазеленување на општината и покрај кои Карпош останува нечист и со запуштено зеленило, ние ќе пристапиме со целосен и заокружен процес, преку формирање на Општинско претпријатие за чистота и зеленило. За поддршка на работата на претпријатието ќе инвестираме во:

- Изградба на компостара за отпадно зеленило;
- Изведба на погони за основно селектирање и рециклирање на отпад;
- Ископување на бунари за техничка вода за наводнување и миење на јавни површини;
- Пренамена и набавка на нова општинска механизација;
- Изведба на нови системи капка по капка и прскалки;
- Општински расадник за производство на садници;
- Изградба на јавни тоалети во сите населби;
- Изградба на јавни чешми и фонтани;
- Подземни контејнери, канти за селекција на отпад;
- Нови канти за џебен отпад низ населбите и нивно редовно одржување;
- Локален стационар за бездомни животни.

**Претпријатието во однос на јавното зеленило ќе биде одговорно за:**

- Хортикултурно одржување и проширување на урбаното зеленило и општински паркови, образовни и други општински институции;
- Изведба на проектот за урбани дрва колку што има карпошани и
- Навремено косење на тревни површини, собирање на трева и лисја во компостара.

**Во однос на комунална хигиена:**

- Собирање и одржување на општински контејнери за комунален и кабаст отпад;
- Одржување на јавни тоалети;
- Одржување на фонтани за питка вода;
- Дератизација и дезинфекција на згради и јавни објекти;
- Редовно одржување на атмосферска канализација;
- Миење на улиците со техничка вода, со што покрај чисти улици и тротоари ќе се намалува и загадувањето, а во зимските месеци ќе се користи солена вода.
- Расчистување на коловози од наноси на снег и расфрлување на сол и низ споредните улици во општината и
- Расчистување на диви депонии.

# СТОЛБ 1: ЗАГАДУВАЊЕ, ЗЕЛЕНИЛО И КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Дополнително, ќе ги вклучиме и **неформалните собирачи на отпад** во системот на комунално депонирање, со што ќе го подобриме редот во комуналните услуги и ќе го подобриме социјалниот статус на овие жители.

**Средства за реализација** ќе обезбедиме преку аплицирање на грантови и поволни кредити за енергетска ефикасност, еколошки мерки и општински развој, како и ефикасна пренамена на средства во буџетот.

## ПРИОРИТЕТ:

### Борба против загадувачите

- Во првата зима, ветуваме чистење на сите диви депонии - со активирање на спрегата општинска служба - инспекторат - полиција ќе се отстранат блокадите за расчистување на овие депонии, но и ќе се превенира појава на нови.
- Мониторинг со дронови како ефикасен начин за утврдување на локации и причинители на овие диви депонии.
- Обезбедување на наменски локации за кабаст отпад кој потоа ќе биде транспортиран до депониите.
- Поставување на мрежи за собирање на отпадоци кои навлегуваат во Вардар на одредени локации како Крушопек, сливот на Лепенец и други и организирање на редовни акции за расчистување на речното корито од отпад и дива вегетација.
- Доследно реализирање на општински проекти и субвенции за подобрување на енергетска ефикасност на објекти и превоз.
- Надградба и подобрување на распределба на субвенции за замена и изградба на енергетски ефикасни фасади, прозори, инвертер уреди за климатизација, соларни колектори и фотоволтаици, велосипеди и замена на азбестни кровови.
- Субвенции за енергетска ефикасност ќе бидат овозможени и за постари индивидуални станбени објекти (куќи) за сопственици кои инвестираат во подобрување на изолацијата или начинот на загревање на своите домови.
- Правилник за враќање на дел од комуналии за новоизградени објекти кои се изведени со енергетски ефикасни материјали и концепт на градба.

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

### Засадени дрва колку што има жители во Карпош!

- Карпош е една од општините со најмногу зеленило, но за жал, тоа забрзано се менува на сметка на неконтролираната градежна офанзива. Ќе обезбедиме најмалку по едно дрво на урбана површина за секој карпошанец.
- На почетокот на секој учебна година ќе организираме акција садење дрво за секој првоодделенец со што ќе ги поттикнеме најмладите и нивните родители да учествуваат во негување на урбаното зеленило.
- Отсранување на старите дрвја кои се ризични за минувачи, блиските објекти и паркирани автомобили и обнова со нови садници.
- Наместо запуштени и неефикасни системи на прскалки, ќе инсталираме интензивна мрежа на систем капка

по капка за да не се троши водата во големи количини и да биде лесно за одржување.

- Реализацијата на проектот ќе биде спроведена во соработка со експерти за шумарство и животна средина и урбанисти за соодветен избор на урбана дендрофлора (по локација и намена, избегнувајќи инвазивни, алергени видови), локации за создавање зелени коридори и придржување до постоечките, користење на одржливи практики за изведба и одржување, итн.

### КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:
**Пристап до централно греење за секоја карпошанец**

Во моментов, само 40% од домаќинствата во Карпош се приклучени на централно греење. Користењето на несоодветни извори на загревање е голем еколошки проблем, но создава и финансиски притисок за голем дел од граѓаните.

- пристап и инфраструктура до централно греење за секој карпошанец.
- Конверзија на сите институции кои користат мазут на централно греење.

### ИНИЦИЈАТИВА:
**Иницирање на кампањи за заедничко уредување на јавните простори**

Жителите на Карпош се клучен фактор за одржување на урбаниот дух и квалитет на живот. Како општинска администрација ќе изградиме дух на активизам преку повикот "Генералка на Карпош" за заедничка акција секоја пролет и есен во која би се вклучувале сите карпошани, но и вработените во администрацијата на заедничко средување на јавните простори.

- Општината ќе обезбеди садници и средства за прибирање отпад, како и организација на настан со кој уникатно ќе се одбележи акцијата, но и ќе прерасне во социјален, културен и забавен настан.
- Образовните институции и жителите од објекти за заедничко домување ќе се стимулираат и едуцираат за самите да ги уредуваат и чуваат зелени површини пред своите објекти, игралиштата, паркинзи и други јавни површини.

### Услови за соодветна грижа за нашите миленици

Свеста за комунална хигиена ќе биде стимулирана кај сопствениците на миленици, посебно за отпадот и изметот кој несодветно се депонира низ јавните зелени површини, па и детски игралишта низ општината.

- Обезбедување на доволно наменски канти за собирање на измет од милениците, кој потоа ќе се депонира во општинската компостара.
- Одредување на локација за погребување на миленици која ќе обезбеди место за достоинствено збогување со милениците, но и ќе се намали ризикот од загадување на јавните површини.

# СТОЛБ 2: УРБАНИЗАМ И ИНФРАСТРУКТУРА

## ПРИОРИТЕТ:

### Развој и урбанизација на Карпош во интерес на жителите

**Генерална преработка на сите ДУП-ови со што ќе се овозможи карпошани да градат на своите имоти, а не моќниците да профитираат од Општината.**

Карпош е окупиран од урбаната мафија и предолго е жртва на лошо и штетно менаџирање со градежниот простор.

- Веднаш по изборите, ќе иницираме ревизија и соодветна преработка, во интерес на карпошани, на сите предложени и постоечки Детални урбанистички планови!
- Ќе овозможиме општината со свои средства да ревидира и изработува детални урбанистички планови кои ќе ги задоволуваат сите правни, урбани и морални принципи за развој на Карпош, во консултација со жителите.
- Презентациите и јавните расправи за деталните урбанистички планови ќе се одржуваат надвор од работното време, со цел за поголема партиципација на граѓаните и јавноста.
- Секој нов предложен урбанистички план ќе мора да поседува доволно предвидени и соодветни паркинг места, било да се работи за индивидуални или заеднички објекти.
- Изработка на мобилна апликација со база на меил адреси на граѓаните по Урбана Заедница во Карпош со цел нивно навремено информирање за јавни презентации на ДУП-овите, добивање информации поврзани со сите огласи за финансирања од страна на општината и информации за разни културни настани организирани од општината.
- Записниците од седниците да бидат достапни на веб страната.
- Карпош ќе биде предводник во иницијативата до Град Скопје за изработка на нов ГУП (Генерален урбанистички план), бидејќи веќе се работи по планот кој е истечен од 2022 година, а врз кој се базираат многу од штетните ДУП-ови во Карпош.

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

### Изградба на општински станови за млади парови и жители кои по прв пат купуваат сопствено живеалиште

Преку дефинирани услови, Општина Карпош ќе субвенционира парови кои купуваат заеднички стан по прв пат, како и социјално загрозени и лица со попреченост во Карпош. На државно земјиште (Нерези или позади Зајчев Рид) ќе изградиме објекти (или ќе обезбедиме плацеви) кои ќе бидат доделувани по симболичен надомест од 3000-6000 денари месечно, на:

- Млади брачни парови од кои едниот е жител на Карпош повеќе од 10 години;
- Еднородителски семејства и жртви на семејно насилство;
- Социјално загрозени лица и
- Лица со попреченост.

Ќе покажеме дека Карпош е општина од која младите не мора да се селат

за подобар живот и која се грижи и за жителите кои имаат потреба од заштита и помош.

Со вакво решение, ќе се спротиставиме и на несоодветно високите цени на станбениот простор и ќе направиме јавен притисок на инвеститорите кои несовесно ги диктираат цените на пазарот на недвижнисти.

## ПРИОРИТЕТ:

### Обнова и грижа на постарите згради

Духот и карактерот на Карпош можеби најмногу се гледа во постарите градби, кои носталгично потсетуваат на периодот на создавање на општината. Пукнатините од земјотресот од 1963 година по зградите, монтажните бараки на Тафталиџе и неброените приказни за растот на населбите пред и по земјотресот, се сржта на Карпош, која треба да се негува. Карпош мора да се развива и шири, но ќе ги одржуваме и обновуваме и постарите објекти и населби.

- Подигање на квалитетот на живот во постарите згради (над 40 години) и индивидуални објекти, со замена или изведба на: фасада, лифтови, централно греење, чистење на подруми и заеднички простории, поправка на влезни врати, електрични инсталации, хидранти, ракофати во ходници, зеленило околу зградите, итн.
- Воспоставување на услови под кои ќе може да се субвенционираат поголемите зафати во објектите, со одредено учество од страна на жителите, средства од резервните куќни фондови или во договор со управителите на станбените објекти. Ова е уште еден начин да се подобри урбаното живеење, но и да се спротиставиме на градежната мафија и да ја подигнеме вредноста и интересот и за постоечките објекти.
- За успешно и ефикасно извршување на овие поправки и одржување ќе оформиме специјализирано јавно општинско претпријатие (или одделение) за помали градежни и занатски работи. Со тоа ќе се намали одливот на општински пари кон фаворизираните приватни градежни фирми, а ќе имаме услови за континуирано и проактивно решавање на инфраструктурните проблеми и поедноставни зафати низ општината.
- Решавање на долгогодишниот проблем со водоснабдувањето во Нерези и притисокот во Трнодол и Жданец, со поставување на нови пумпи во соработка со '"Водовод и Канализација".
- Одвојување на атмосферската од фекалната канализација во населба Козле, Трнодол и Жданец. При обилни врнежи, атмосферската вода која од крововите е спроведена преку олуци во канализациската мрежа, често предизвикува поплавување на подземните простории во објектите долж улицата Козле. Ќе иницираме ревизија и спроведување на соодветно решение и контрола на секоја нова дозвола за изведување на објект.

## ПРИОРИТЕТ 2:

### Развој од левата страна на Вардар

И покрај големиот потенцијал, површина и содржина на овој дел на Карпош, досегашната администрација водеше премалку грижа и единствен

# СТОЛБ 2: УРБАНИЗАМ И ИНФРАСТРУКТУРА

интерес наоѓаше во распродажба на државното земјиште на инвеститорите.

- Поврзувањето и изедначување во квалитетот на урбано живеење за приближување на овие населби и жителите кон централните делови преку:
  - Продолжување на изградбата на мостот од крајот на бул. Илинден кон Влае, со решавање на експропријацијата и притисок кон градските власти за остварување на овој проект со што ќе се намали сообраќајниот метеж и ќе се обезбеди за подобра поврзаност со Влае;
  - Проширување на Улица 10, помеѓу Бардовци и Злокуќани и нејзино оспособување со велосипедска патека и дрворед;
  - Асфалтирање на патот помеѓу Бардовци и Визбегово и поврзување со автобуска линија;
  - Асфалтирање на улици во Бардовци;
  - Асфалтирање на улици во Злокуќани;
  - Изградба на градинки во Злокуќани и Влае 2.
- Преуредување на Зајчев рид во парк - локацијата не е урбанизирана и нема конкретна примена, но ридот веќе се користи од страна на Македонско еколошко друштво поради разновидноста на живиот свет. Имајќи го во предвид овој биодиверзитет, ќе се создаде зона на Зајчев рид со информативни табли за живиот свет и спецификите на тој дел.
- Изведба на парковско зеленило и реквизити, вовчиња за превоз за ставање во функција целиот регион како место за рекреација со поврзување на неколку локации (Кеј, Скупи, Зајчев рид). Со ова ќе воведеме туристички, рекреативен и образовен ефект во овој моментално запуштен дел на Карпош.
- Ред и безбедност во Злокуќани. Оваа населба, предолго запоставена од општинската администрација ќе ја ставиме високо во агендата на проектот “Генералка за Карпош“ преку:
  - Системско решавање на комуналната хигиена и расчистување на многубројните депонии,
  - Генерално расчистување на улиците и јавните површини,
  - Регулирање на користењето на транспорт со животни и одгледување на животните во домови,
  - Поставување на столпчиња за ослободување на тротоарите,
  - Хоризонтални успорувачи на брзина,
  - Обнова на улици и тротоари и
  - Зачестени патроли на полициски службеници и позорникари за намалување на појавата на кражби и генерална безбедност во населбата.



# СТОЛБ 3: СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ

## ПРИОРИТЕТ:

**Мобилна Општина**
**- Низ Карпош за 15 минути**

Создавање на услови за мобилност на жителите со што од било која точка на населбата до централните локации ќе се стигнува за најмногу 15 минути. Карпош е генерално планска и добро поставена урбана општина, но лошото управување и одржување на сообраќајниците го отежнува транспортот и превозот на патници.

- Со низа плански мерки, директно и индиректно ќе го подобриме "крвоток" на транспортот низ општината и ќе обезбедиме поголема и полесна мобилност за карпошани.
- Поврзување на релацијата Север-Југ, со нови автобуски линии кои ќе ги поврзуваат Бардовци и Злокуќани со Нерези, Козле, Жданец и Трнодол.
- Почести линии, во текот на целиот ден од Нерези, Бардовци, Злокуќани, Влае, бул Илинден и ул. Козле.
- Блиска соработка со Град Скопје за довршување на мостот помеѓу Карпош 3 и Злокуќани.
- Иницијатива за реализација на мостот од завршетокот на бул. Илинден во Карпош 4 со Влае.
- Расчистување на патеката преку мостот Газела за ефикасно спојување на Карпош 4 и Злокуќани.
- Реновирање и доградба на интегрирани вело-патеки кои без застој ќе ги поврзуваат сите населби во Карпош за непречено користење на велосипеди, електрични скутери и за инвалидизирани лица во колички.
- Ослободување на тротоарите од паркирани возила кои го попречуваат слободниот тек на коловозите и вело-патеките и поставување на столпчиња за попречување на паркирање автомобили на сите фреквентни улици.
- Монтажни паркиралишта, подземни и катни гаражи за ослободување на улиците и паркинзите од паркирани возила.
- Реновирање на сите напукнати, раскопани и дотраени тротоари, со обавезно вклучување на косина за велосипеди и инвалидски колички и вградување на водилки за слепи лица.
- На одредени улици во општинска надлежност изградба на кружни текови и едносмерен сообраќај за непречено одвивање на сообраќајот во потесните делови од населбите.

## ИНИЦИЈАТИВИ:

**Вклучување на жителите во процесот на подобрување на урбаната мобилност**

- Организирање на „Ден без автомобили", за промоција на јавниот превоз и алтернативните превозни средства. Најмалку еден ден квартално во пролет и лето, како и месечно во зимскиот период. Општинската администрација ќе даде пример најпрво преку своите вработени, а потоа со јавен повик и преку едукација на учениците и најмалите за придонесот на ваквата иницијатива со фокус за намалување на загадувањето, здрави навики и обединетост на карпошани за подобра општина.

# СТОЛБ 3: СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ

- Субвенциите за набавка на велосипеди, кои дополнително ќе бидат проширени и за набавка на опрема за истите, бидејќи многу граѓани веќе имаат набавено велосипеди, но не користат заштитна опрема или редовен сервис, со приоритет за лицата од социјален ризик во општината.
- Преку иницијатива за општествено одговорни компании, ќе ги поттикнуваме правните субјекти на територија на Општина Карпош да вршат достава на стоки во периоди пред 7:30 или по 18:00 часот, за да се намали гужвата во ударните термини и да се намали загадувањето предизвикано од застојот.

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

### Јавно претпријатие за транспорт и сообраќај

За доследно остварување на проектот за мобилност општината ќе обезбеди сопствени возила и превоз за новите воспоставени општински линии, односно ќе додаде дополнителни возила за преоптоварените станици и термините во кои нема покриеност од ЈСП:

- Нов возен парк од електрични минибуси и комбиња кои ќе вршат општински превоз;
- Поставување на полначи за автобуси и велосипеди како и скутери со сончеви колектори на почетните станици;
- Бесплатен превоз за екскурзии за градинки и основци;
- Бесплатен општински превоз за мобилност на пензионерите од Карпош;
- Бесплатен превоз за сите социјално загрозени и хендикепирани жители;
- Бесплатни викенд линии до рекреативни и излетнички места во Карпош: Св. Пантелејмон / Етно Село, преку Скупи, Зајчев рид до Хавзи Пашините конаци во Бардовци, и линија од Порта Влае до Зоолошка градина;
- Туристичко бродче / сплав за комерцијални тури по течението на Вардар од мост „Обединети нации“ до пешачкиот мост кај Градски стадион,
- Локални станици за изнајмување на општински велосипеди.

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

### Решавање на хаосот со паркинг простор и ослободување на тротоарите

Катастрофалната ситуација со паркирањето во Карпош е главна причина за неефикасниот сообраќај, возен метеж и загадување, фрустрации за возачите, но и безбедносен ризик поради намалената видливост од блокираните улици, кривини и тротоари.

- Изградба на монтажни и подземни паркинзи:
  - Позади кулата на ул. „Никола Тесла“ (Карпош 1)
  - Меѓу ул. „Даскал Камче“ и ул. „Гиго Михајловски“ (Карпош 1)
  - Надградба за гаражите на ул. „Каирска“ (Тафталиџе)
  - Кај Млечен на ул. „Анкарска“ (Тафталиџе)
  - Паркингот позади Веро Капиштец

## СТОЛБ 3: СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ

на ул. „Њу Делхиска“ (Тафталиџе)

- Наспроти Сити Мол на ул. „Лондонска“ (Тафталиџе)
- Надградба за гаражите на ул. „Бранислав Нушиќ“ (Карпош 2)
- Во договор со Електро-машински-металуршки факултети да се издигнат платформи на постоечките паркинзи (Карпош 2)
- Пред ГОБ 8-ми Септември на ул. „Бледски договор“ (Карпош 3)
- Задниот дел на ТЦ Лептокарија на ул. „Никола Русински“ (Карпош 3)
- ТЦ Карпош 3 на ул. „МАНАПО“ (Карпош 3)
- Кај кулите Трите убавици на ул. „Никола Парапунов“ (Карпош 4)
- До ООУ „Владо Тасевски“ ул. „Јуриј Гагарин“ (Козле)
- На ул. „Пресека“ (Влае)

• Изградба на катна гаража на местото на паркингот до факултетите на ул. „Орце Николов“ (Карпош 2)

• Изградба на паркинг, парк и детско игралиште на просторот помеѓу улиците „Есперанто“, „Ботун“ и „Војвода Васил Чакаларов“ (Влае)

• Опремување на паркинзите со соларни панели, за генерирање на дополнителна енергија за осветлување.

• Во соработка со карпошани ќе ги исчистиме, обновиме и ослободиме подземните гаражи. Овие простори многу често се користат како магацини или стојат запуштени, па затоа ќе спроведеме акција и едукација на жителите за поефикасно користење на подземните простории.



# СТОЛБ 4: ОБРАЗОВАНИЕ

## ПРИОРИТЕТ:

**Враќање на квалитетот и достапност на образованието за сите карпошани подеднакво.**

Во насока на партиските определби ќе се избориме за бесплатно образование од градинка до факултет. Ќе ги ослободиме жителите на Карпош од обврската да плаќаат за престој во градинките, а со низа мерки ќе овозможиме повеќе средства за поквалитетни институции.

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

**Централизација на набавките за сите општински градинки и училишта**

- За оптимизација на трошоците за исхрана и поедноставување на процесот на набавка на намирници и материјали ќе формираме општинско тело за набавки, кое ќе врши снабдување на сите градинки од едно место. Придобивките се:
  - Гарантирана поволна цена поради обемот и редовноста на набавки,
  - Контрола на квалитетот за сите установи од едно место,
  - Унифицираност на продуктите за правична покриеност на најмалите,
  - Намалени трошоци за достава и обработка на набавките.
- Кујните ќе обезбедуваат бесплатни „ланч-пакети" за сите ученици од здрава храна за која не е потребна термичка обработка и ќе се дистрибуира до училиштата и градинките.
- Со заштедата на средства преку оваа мерка, ќе се покријат и трошоците за набавка на основни средства во градинките, наместо да се бара од родителите да плаќаат за образовни материјали и средства за хигиена.
- Основен прибор за работа во образовните институции ќе биде редовно и без изговор обезбедуван. Родителите не треба да купуваат принтери, проектори за училиштата, а сапун и тоалетна хартија општината мора да обезбеди.
- Наместо да се одлеваат општинските пари кон надворешни фирми, преку добро менаџирање ќе ги пренасочиме тие средства за подигнување на квалитетот и стандардот на општинските згрижувачки и образовни институции, со што ќе ја вратиме и довербата на карпошани кон нив.
- Бесплатни воншколски активности за уметност, странски јазици, компјутерски вештини, музички инструменти за сите деца во општинските установи, во рамки на објектите или надвор од нив. За остварување на оваа мерка ќе ангажираме просветни работници и уметници од Карпош.
- Бесплатни екскурзии секое тримесечие со користење на општинските превозни средства, со задолжителни посети на сите историски, културни и рекреативни точки низ општината.
- За младите ќе создадеме општинска тура низ култните места на Карпош и запознавање на историјата на населбата во која растат.

# СТОЛБ 4: ОБРАЗОВАНИЕ

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

**Реновирање на сите спортски игралишта во училиштата и обновување на дворовите на градинките**

- Ревидирање на договорите и ослободување на училишните дворови од приватни фирми и угостителски објекти.
- Спортските игралишта во училиштата ќе се отворат за децата, а не за приватните фирми. Во училишните игралишта ќе ја обновиме опремата, ќе бетонираме, покриеме со зеленило или тартан, наместо дворовите на општинските училишта да се полнат со тениски игралишта кои се заклучени за децата и маси за кафулиња на приватните фирми.
- Во време забрзан раст на дигитална технологија ќе ги заштитиме младите од прекумерното време пред екраните со иницирање на услови за поголема физичка активност и запознавање со природата.
- Поставување на хоризонтални успорувачи на брзина (легнат полицаец) и огради на излезите пред сите градинки и училишта, со што би се зголемила безбедноста на децата.

# СТОЛБ 5: БЕЗБЕДНОСТ

## ПРИОРИТЕТ:

**Безбеден Карпош - Успорување на моторизираниот сообраќај**

По булеварите на Карпош се вози пребрзо, тесните маалските улици се небезбедни поради паркираните автомобили, имаме секојдневен сообраќаен хаос пред училиштата и градинките, окупирани неосветлени игралишта, подрумските простории се систематски ограбувани, улични животни напаѓаат, итн.

- Ќе воведеме систематско и детално решение за подобрување на безбедноста во сите населби преку инфраструктурни решенија како:
  - „Легнати полицајци“ и други физички блокатори на брзина,
  - Ограничување на брзината и креирање на зони на мирен сообраќај до 30 км/ч низ маалските улици,
  - Нови кружни текови и на општински улици,
  - Безбедни кривини со поставување на огледала,
  - Иницијатива до Град Скопје и поставување семафори со копче за пешаци,
  - Столпчиња за ограничување на паркинг на сите ризични кривини,
  - Огради на излезите од училишта и градинки,
  - Подобро осветлување во споредните улички,
  - Во соработка со МВР целосна ревизија и обновување на хоризонтална и вертикална сигнализација (знаци),

# СТОЛБ 5: БЕЗБЕДНОСТ

- Во активна соработка со МВР ќе настојуваме да се стави крај на ноќните трки на булеварите низ Карпош, кои носат огромен ризик, но и предизвикуваат бучава во ноќните часови.
- Регулирање на паркирање околу сите образовни инситуции за подобра видливост и безбедност на децата. Ќе воведеме правила за локацијата и времето во кое родителите може да застанат со возилата за да ги пречекаат децата.

**ПРИОРИТЕТ:**

**Ефикасен надзор и контрола за безбедна општина**

- Обновување на хидрантската инфраструктура и противпожарна заштита во објектите и станбените единици низ Карпош, во соработка со куќните совети и управителите на објекти. Поставување хидранти до капиталните објекти, со цел нивна ефикасна заштита при евентуален пожар, како и создавање на мрежа на функционални хидранти во населените места на Општина Карпош
- На Карпош му се потребни повеќе полициски службеници. Ќе инсистираме до МВР да обезбеди зголемување на единицата, со факти дека општината расте и е доволно комплексна за да има потреба од дополнителен кадар за безбедност.
- Општински позорникари, во соработка со полициската станица од Карпош, за вечерни патроли низ детските игралишта и други јавни објекти, како и низ населбите каде што има зачестени кражби.
- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност и навремено отстранување на ризични и несоодветни објекти.
- Системско решение за бездомните животни. Општина Карпош веќе две години не плаќа надомест на градското претпријатие „Лајка“ и проблемот со напади од глутници кучиња е сè почеста појава. Ќе го решиме ова прашање или со обнова на соработката и контрола на работата на „Лајка“ на територија на Карпош или ќе основаме општинска шинтерска служба, додека не се реши ситуацијата на централно ниво.



# СТОЛБ 6. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## ПРИОРИТЕТ:

**Грижа за сите ранливи групи**

- Превентивни здравствени кампањи за прегледи за рак на дојка, машко и женско репродуктивно здравје, проверка на шеќер во крвта, и сл. Инвестирањето во рана детекција и превенција на заболувања ќе донесе голем бенефит за општината на долг рок.
- Социјална кујна, за регистрираните социјално загрозени семејства, со бесплатни оброци подготвувани од кујните во градинките и дистрибуирани до нивните домови.
- Доследно спроведување на програмата за овозможување на пристап за лица со попреченост до јавните објекти и патната инфраструктура.
- Обезбедување на: Сензорни соби за деца под социјален ризик, рехабилитационен центар за лица со попреченост, заштитен центар за лица жртви за семејно насилство, бесплатна психолошка подршка за лица кои се предмет на семејно насилство и превенација на емоционално врсничко насилство во училиштата.
- Програми за вработување на лицата со попреченост во Општина Карпош на погодни работни позиции, кои ќе им дадат финансиска и социјална поткрепа на овие жители.
- Советниците на Левица се изборија за формирање на дневен центар за лица со попреченост над 18 години, но нема да застанеме тука - ќе иницираме воспоставување и на нови центри за поддршка на деца и возрасни од ранливите групи, изградба на инклузивни игралишта, дополнителни асистенти, дефектолози и логопеди, како и лица за придружба на децата кои посетуваат настава во основните училишта.
- Пензионерски клубови за социјализација, а ќе го прошириме и буџетот за домашна нега на изнемоштени лица.
- Иницирање на постапка за реновирање на субстандардните Амбуланта во Козле и на Диспанзерот во Карпош 1.
- Регулирање на гласноста на верските објекти особено надвор од дозволените периоди во денот.
- Намалување на бучавата од моторни возила со регулирање и успорување на сообраќајот, особено во ноќните часови.



# СТОЛБ 7. КУЛТУРА И РЕКРЕАЦИЈА

## ПРИОРИТЕТ:

### Обновување на културата на урбано живеење

- Подигнување споменици на Петар Карпош и Христијан Тодоровски Карпош по повод 50 години од основањето на Општина Карпош. Една можна локација е на просторот до новата црква во Карпош 3, каде би го уредиле зелениот простор во парк со споменик на Х.Т. Карпош во него.
- Создавање на мултимедијален простор каде би се одржувале изложби, поетски читања, приредби и други настани, со пренамена на општински објект за оваа намена.
- Одредување на локации за јавни перформанси на индивидуални уметници или групи, за кои стручно жири од општината ќе прави селекција и ќе издава дозвола за настап, со одредени термини и хонорар.
- Од месец мај до септември, културно уметнички програми и перформанси организирани на:
  - Амфитеатарот на кеј, на вливот на Лепенец во Вардар,
  - Плоштадот на „Млечен“,
  - ТЦ „Лептокарија“ на „Коцка“,
  - Плоштад „Делфина“ во Влае.
- Заживување на Народна техника - институција која има историја и поврзаност со Карпош, но работи со минимален капацитет и ефект. Општината повторно да и‘ даде ресурси да прерасне во центар за инспирација на младите и симбол на просперитетен Карпош.
- Подобрени услови за рекреација на младите, преку:
  - Бесплатно користење на Адреналински парк и Карпата во Карпош 3 за учениците,
  - Конечно доуредување и ставање во упореба на спортската сала “Партизан“ и нејзино претворање во вистински општински спортски центар,
  - Повеќе содржини и игралишта за деца над 12 години,
  - Обновување на сите детски игралишта и додавање повеќе реквизити во нив,
  - Нови локации со справи за вежбање и физичка активност на отворен простор и обновување на постоечките и
  - Ќе понудиме опции за хонорарен ангажман на жители од Карпош кои имаат завршено на ДИФ или имаат лиценца за одредени спортови, да држат часови во општинските игралишта и сали.

## ПРИОРИТЕТ:

### Заживување на „карпошовата“ страна на Водно

И покрај тоа што речиси половина од парк шумата Водно спаѓа во рамките на Карпош, рекреативните зони се непостоечки, или запуштени и неупотребливи.

Во соработка со спортски и еколошки здруженија, како и стручни лица од Карпош, ќе изработиме детален план за обележување и одржување на рекреативни зони на падините на Водно:

- Обележување на постоечките и создавање нови земјени патеки со планинарски знаци, ракофати и огради;

# СТОЛБ 7. КУЛТУРА И РЕКРЕАЦИЈА

- Промовирање и уредување на патеката од Козле до Средно Водно како алтернатива на пристапот преку Водњанска;
- Создавање на нови реакреативни мини зони со опрема за вежбање од природни материјали;
- Едукативни табли по патеките со опис на живиот свет, историјата на Водно и населбите, еколошки пораки и едукација за сите возрасти;
- Јавни тоалети, корпи за џебен отпад и чешми во зоните и патеките;
- Соларни светилки и полначи за телефони и батерии на повеќе места;
- Изведба на планинска патека за велосипеди;
- Организирање на општинските градинки и училишта со редовни рекреативни и едукативни тури и екскурзии по патеките и зоните за одмор;
- Изведба на простор за полетувалиште и слетувалиште за параглајдери;
- Позорникарска служба која ќе го одржува инвентарот, но и ќе контролира да не дојде до уништување на просторот и опремата.

Во контекст на овој проект, иницираме дискусија за обнова, реактивација и подобро искористување на објектите на Водно кои се во рамки на Карпош:

- Запуштеното детско одморалиште на Водно, кое може да биде пренаменето во нов центар за спорт и рекреација;
- Расчистување на теренот околу археолошките локалитети во Нерези и Жданец.

## ИНИЦИЈАТИВА:

### Создавање и афирмација на бренд за Карпош

- Означена историја на Карпош - Поставување на плакети или маркери на значајни локации кои ја истакнуваат културната и историската важност на местото.
- Приказни за Карпош - повозрасните жители можат да ги споделат своите спомени и приказни за заедницата. Ова може да биде во форма на дигитална архива, настани за раскажување приказни или мини-документарни филмови за зачувување на локалното наследство.
- Простор за мурали и цртежи на јавни површини низ сите населби, за кои ќе спонзорираме и иницираме волонтери уметници и здруженија од Карпош да изработуваат цртежи, кои ќе го подобрат изгледот на застарените објекти и маала, ќе го „подмладат" и освежат Карпош и ќе станат нови култни места за карпошани.
- „Лицата на Карпош" - кампања за социјални медиуми и постери за славење на локалните херои, занаетчии, сопственици на мали бизниси, еколошки активисти и уметници од Карпош. Истакнување на нивниот придонес кон заедницата.

Преку ваква кампања ќе мотивираме и споделиме чекори што можат да ги преземат жителите за да ги поддржат локалните бизниси, општинската работа, да се вклучат во еколошки иницијативи или да волонтираат.

# СТОЛБ 8. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

## ПОРАКА:

**Карпош е „окупиран“, го враќаме на граѓаните!**

Карпош е развиена и успешна општина, која во изминативе години е окупирана од штетните политики на партиите. Нудиме нова опција за Карпош која ќе ја врати довербата на граѓаните преку иновативни решенија, професионално менаџирање и контрола над трошоците и активностите на администрацијата.

Нема да бегаме од одговорност за проекти и проблеми кои не се во целосна надлежност на општината, туку со иницирање на блиска соработка со околните општини и со Град Скопје ќе изнаоѓаме **решенија, а не изговори**!

## ПРИОРИТЕТ:

**Ефикасен сервис за жителите на Карпош**

За оваа цел ќе воведеме мерки кои ќе ги подобрат постоечките механизми, но и ќе се прошират преку:

- Дигитализација на набавките во сите јавни институции и достапност до јавноста со редовни и лесно разбирливи извештаи;
- Обележување на општински возила за избегнување на злоупотреба, обавезни патни налози за подолги релации и вградување на ГПС уреди на сите општински возила и механизација;
- Воведување на втора смена во секторите за шалтерско работење за опслужување на жителите;
- Реактивирање и зголемени ингеренции на Урбаните заедници. Овие административци би добиле улога во:
  - Локалните комунални и мали градежни зафати,
  - Контрола на игралишта и јавни објекти во улога на позорникари во соработка со полицијата,
  - Комуникација со граѓаните за сите општински иницијативи, кампањи, анкетни расправи и информации за субвенции и други акции,
  - Воведување на двосменско работно време,
  - Обнова на објектите и активирање на нови локации, за да бидат директна врска со жителите во сите населби;
- Управните и надзорните одбори во јавните институции да профункционираат како вистински инструмент за жителите на Карпош да имаат директно влијание и увид во работата на јавните институции;
- Преку обуки и соработка со лицата назначени во управни и надзорни одбори, ќе ги охрабриме да бараат иницијативи, отчет, резултати и одговорност од раководствата на јавните установи;
- Сите настани и активности во организација на Општина Карпош и нејзините институции да се организираат во општински објекти за да не се одливаат средства.

## ИНИЦИЈАТИВА:

**Карпошани за Карпош**

Кампања и повик за иницирање на свесност кај жителите да прават акции, (од својата зграда, од својот двор), за заедничко добро.

## СТОЛБ 8. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

- Користење на најмоќниот граѓански инструмент - локалните референдуми. Ќе поддржуваме почесто организирање на локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како најбитна алатка за планирање на развојот на Карпош.
- Општината ќе работи на проактивно информирање (не само преку веб сајтот) на граѓаните за сите информации од нивен интерес, како за поволностите и акциите што ги организира, така и за редовните услуги кои граѓаните можат да ги добијат од неа, преку мобилна апликација, медиуми, е-маил, итн.
- Организирана пракса во општински институции - „Карпош за карпошани", преку позитивна дискриминација да се овозможи пракса за жителите во општинските образовни, културни и комунални институции, како и во самата општина.
- Општинската администрација со пример преку свои редовни акции за реновирање на игралишта и паркови, што ќе се искористи за кампањата и како мотивација за жителите.

### КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

#### Обнова и поставување на нови информативни табли и патокази

Ваквата иницијатива ќе придонесе и за обновување на културата на урбано живеење за карпошани, но и корисна алатка за туристи и гости во општината преку:

- Имиња и броеви на сите згради, куќи и улици;
- Информативни табли на влезови во населбите;,
- Патокази кон општински објекти, историски локации и споменици;
- Описни табли за препораки, правила и насоки (табли за забрана, временски ограничувања, препораки за миленичиња, итн).



# СТОЛБ 9. ЛОКАЛЕН И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ПРИОРИТЕТ:

### Произведено во Карпош - мотивирање на локалното занаетчиство и производство

Бидејќи целиот износ од персоналниот данок на доход од физички лица што се занимаваат со занаетчиска дејност се влева во општинската каса, ќе обезедиме услови за развој на локални работилници и производство:

- Формирање на мини пазари со фокус на локални производители;
  - Формирање на мини пазари со фокус на локални производители. На неколку локации ќе се одредат места за мини пазари со предност на локални производители, занаетчии и земјоделци, регистрирани за таа дејност, со цел да се избегнат прекупци и нелојална конкуренција;
  - „Локална пазарна недела" - тематски настан за поттикнување на производство и побарувачка на производи типични за периодот од годишното време или според одредени продукти, а за кој општината ќе одредува различна локација за секој настан;
  - Со квалитетен маркетинг и промоција на понудата и надвор од рамките на Карпош, овие настани да прераснат во редовна пракса и начин за дополнителен финансиски прилив за жителите и општината.
- Изнајмување на простор и мини плацеви за одгледување на земјоделски производи за жителите на Карпош - Урбано земјоделие;
  - Општината ќе ангажира стручни лица за да се креираат кампањи, тренинг и советување на заинтересираните жители успешно да можат да започнат со одгледување на органски производи. Успешните приказни ќе добијат шанса за промоција на своите производи за време на настаните „Локална пазарна недела".
  - Со оваа мерка ќе се стимулира здравата исхрана, корисни навики и ослободување од „дигиталната зависност" на жителите и ќе се поддржи локалната економија.

## КАПИТАЛЕН ПРОЕКТ:

### Карпош на туристичките мапи!

Скопје се развива како попатен туристички центар, бројот на посети значително расте, но интересот на туристите е претежно околу централното градско подрачје.

Со веќе наведените иницијативи и проекти (Генералка за Карпош, Развој на лева страна на кејот на Вардар, Мобилна општина, Реактивирање на нашата страна на Водно, Безбеден Карпош, итн.) ги создаваме предусловите за ставање на Карпош на туристичките мапи.

Дополнително, ќе спроведеме низа иницијативи, кампањи и проекти за создавање инфраструктурни и организациски капацитети за туризам..

# СТОЛБ 9. ЛОКАЛЕН И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**Инфраструктурна подготовка:**

- Расчистување околу „Хавзи-Пашините Конаци“ во Бардовци и реставрација, во соработка со Министерство за култура. Да се обезбедат пристапни патеки и објекти за продажба на сувенири и презентации;
- Подготовка на теренот околу Скупи и Зајчев Рид, со станица и објекти за туристи;
- Чистење и подобрување на пристапот околу СЦ Борис Трајковски и влезот во Градски Парк од бул. 8 Септември во соработка со Град Скопје;
- Набавка на општински туристички автобуси за редовни тури од Св. Пантелејмон до Хавзи-Пашините Конаци;
- Пристапен пат и парковско уредување на просторот околу римскиот аквадукт.

**Организациски подготовки:**

- Соработка со Факултетот за туризам и менаџмент за креирање на понуди, изработка на стратегија за привлекување туристи и генерирање економски бенефит;
- Формирање на „Совет за туризам“ од експерти и јавни лица од Карпош, кои ќе креираат локална приказна за туристичката понуда;
- Карпош има премногу станови за издавање - наместо форсирање на хотелско сместување, ќе понудиме поддршка на жителите кои издаваат станови:

  - Локален интернет директориум на сместувачки капацитети, или дедицирани и спонзорирани AirBnB, Booking објави за времено сместување на туристи во Карпош,

  - Сертификати од Општина дека објектот го задоволува локалниот туристички стандард,

  - Субвенции за индивидуалци кои успешно ќе изнајмуваат простор, во вид на намалени општински даноци, бенефити во јавните услуги, и др.
- Промоција на угостителски објекти кои ќе соработуваат за создавање унифициран и стандардизиран квалитет и тип на понуда, со нивно ставање на туристичката мапа на Карпош,
- Креирање на туристички календар на Карпош, во кој ќе се внесени сите атрактивни настани и датуми во општината, и негово споделување со агенции и онлајн промоција за привлекување на туристи.
- Соработка со болниците и здравствените установи од Карпош со цел за нивно вклучување во туристичката понуда како опции за „Медицински туризам“. Карпошани и општината имаат голем неискористен потенцијал од сите надворешни посетители на овие институции, кои во моментов само транзитираат низ Карпош, но општината би можела да ги создаде условите за промоција и привлекување на туристите кон локалните бизниси, производи, изнајмувачки капацитети, локалитети, итн. Со развивање на овој пристап, општината би можела да побара и повеќе општествено одговорни активности и придонес и од медицинските установи, кои во моментов немаат поголем придонес за општината.

# ЛЕВИЦА

## ЗА КАРПОШ

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА КАРПОШ

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija